Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
СТРАШО ПИНЏУР
Бр. 05-80/4
10. 08 2021 год.
с.МАЛО КОЊАРИ, ПРИЛЕП

Друштво со ограничена одговорност
ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ
ДИНАМИКС Косово Подружница
ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД
ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС во Македонија
Бр 0301-461/2021 23.08 2021 год
Скопје

# ДОГОВОР
## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ – ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

А. ООУ „Страшо Пинџур" - с.Мало Коњари со адреса на Село Мало Коњари, Општина Прилеп, Република Северна Македонија со ЕМБС 4096967 и ЕДБ 4021992107431
(назив, адреса, седиште и држава, даночен број),

застапуван/о од Ирена Кироска
( во понатамошниот текст „Договорен орган,,) од една страна,

и

**Б.** Друштвото со ограничена одговорност ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНДЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС–КОСОВО-ПОДРУЖНИЦА ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС ВО Македонија Скопје, со седиште на ул. „ Митрополит Теодосиј Гологанов" бр.54Б-2 кат, Скопје со ЕМБС 7198507 и даночен број 4028017531731

застапуван/о од Fatbardha Bytyci
( во понатамошниот текст „Носител на набавка,,) од друга страна страна,

Овај договор се склучува врз основа на Законот за јавни набавки на Република Северна Македонија, Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 96/18 и („Службен весник на РСМ" бр. 96/19); Правилата за снабдување со електрична енергија („Службен весник на РМ" бр. 172/18); Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен Весник на РМ" бр. 87/12 и 30/14); Мрежните правила за пренос на електрична енергија издадени од операторот МЕПСО („Службен Весник на РМ" бр. 12/2015); Правилата за пазар на електрична енергија донесени од страна на Регулаторна комисија за енергетика на РМ од 17.02.2014 година и Правилата за изменување на правилата за снабдување на електрична енергија и останатите наведени правила во согласност со законите.

## II. ДЕФИНИЦИИ (ОБЈАСНЕНИЕ НА ПОИМИТЕ)

**Член 1**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следново значење:

1) „**Договорен орган,,** - е субјект дефиниран во член 4 став 1 точки а), б), в), г) и д) од Законот за јавни набавки;

2) „**Носител на набавката,,** - е понудувач или група на понудувачи кои склучиле договор за јавна набавка;

3) „**Договор за јавна набавка на стоки,,** - претставува набавка на една или повеќе стоки, преку купување веднаш, купување со одложено плаќање или изнајмување со или без

опција за купување на стоката;

4) „**Договорна цена„** - е цената која ја побарува Носителот на набавката како што е утврдено во овој Договор, вклучувајќи го и евентуалниот попуст што го дал;

5) „**Испорака„** - значи предавање на стоките од страна на Носителот на набавката на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договорот, на начин на кој Договорниот орган се стекнува со право на сопственост на стоките;

## III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој Договор е набавка на следните стоки: „Електрична енергија“ на сите места на потрошувачка сопственост на ООУ „Страшо Пинџур“ - с.Мало Коњари, Општина Прилеп со следниве ставки и договорни цени за испорачна електрична енергија по KWh согласно одлука за избор на најповолен понудувач по спроведена групна јавна набавка со носител на набавка СОУ „Орде Чопела“ – Прилеп со број 05-2021-10946/21/1 од 29.07.2021 година.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| **Опис** | **Единица мерка** | **Единечна цена на испорачан KWh без вклучен ДДВ** | **ДДВ** | **Единечна цена на испорачан KWh со вклучен ДДВ** |
| **Активна електрична енергија АВТ** | **KWh** | **6,40 денари** | **1,15 денари** | **7,55 денари** |
| **Активна електрична енергија АНТ** | **KWh** | **6.40 денари** | **1,15 денари** | **7,55 денари** |

Во цената се засметани сите трошоци (цената за набавка на електрична енергија, трошоците за обезбедување на прекугранични капацитети, увозни царински давачки, шпедитерски и транспортни услуги и трошоците за балансирање).

Тарифите за Организирање на пазарот на електрична енергија (ОПЕЕ) и надомест за обновлива енергија (ОЕ) ги утврдува Регулаторна комисија за енергетика на Република Северна Македонија, односно операторот на електропреносниот систем и ќе се наплаќаат заедно со сметката ( фактурата ) за потрошена електрична енергија.

Балансирањето на електричната енергија е вклучено во вкупната цена за потрошен 1 KWh електрична енергија.
Носителот на набавката прифаќа да ја преземе врз себе балансната одговорност и да го вметне договорниот орган како потрошувач во својата балансна одговорна група

## IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е странскиот јазик со превод на Македонски јазик.

Во случај на спор релевантна е верзијата на Договорот на Македонски јазик.

## V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вкупната вредност на договорот без ДДВ изнесува: **135.593,22 денари**
ДДВ изнесува: **24.406,78**
Вкупната вредност на договорот изнесува **160.000,00 денари** со вклучен ДДВ.

**Член 4.1**

Вкупната вредност на договорот наведена во член 4 од овај договор не е задолжително да се исплати и искорсти во целост, таа е зависна од количестовото на испорачана стока по KWh согласно потребите на договорниот орган.

## VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Договорот се склучува на определено време за период од една година или до претходно искористување на средствата наведени во член 4 од овај договор.

## VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКАТА/ТЕ

**Член 6**

Носителот на набавката е должен испораката на стоката/те да ја извршува континуирано во рок од една година 24часови/7денови, сметано од првиот ден на календарскиот месец кој ќе следи по денот на склучувањето на Договорот или до исцрпување на финансиските средства за реализација на Договорот во член 4.

## VIII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ И ЕВЕНТУАЛНО НАСТАНАТИ ШТЕТИ ОД ОВАЈ ДОГОВОР

**Член 7**

Во случај на доцнење со испораката на стоките од член 2 од овај договор од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина на 0,5 % од вредноста на договорот за секој закаснет ден од рокот наведен во член 7 од овај договор.

Во случај на 2 (две) последователни неиспораки, Договорниот орган има право по предходно доставено писмено известување до Носителот на набавката за испорака на стоките наведени во член 2 во дополнително оставен рок од 0 денови да го раскине Договорот за испорака на стоките наведени во член 2 со проста изјава и да склучи Договор за испорака на стоките наведени во член 2 со второрангираниот понудувач.

Во случај на став 3 од овој член, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на Договорниот орган.

Во случај на проблем/дефект утврден од овластени/вешти лица определени од страна на носителот на набавката и договорниот орган при испорачувањето на стоката наведени во член 2 од овај договор до мерната точка кој ќе резултира со оштетување на електрична и електронска опрема во сопственост на договорниот орган, носителот на набвката превзема одговорност да изврши сервис на истата по претходно утврдена ситуација за настанувањето на штетата.

## IX. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 8**

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- количини со опис на стоката, дефинирани по елементи како во член 2 од договорот;
- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- пресметка за ДДВ;
- вкупна цена за исплата по фактурата
- валута на плаќање;
- место на потрошувачка на електрична енергија
- точка на отчитување
- категорија на приклучок
- датум на читање на потрошена електрична енергија

## X. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, ЗАТЕЗНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

**Член 9**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши на следниов начин: вирмански.

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши во рок од 30 до 60 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган, на сметка и банка за која писмено ке го извести Носителот на набавката.

Во случај Договорниот орган да не ја плати фактурата во договорениот, рок се засметува законска затезна камата во висина определена согласно позитивните законски прописи.

## XI. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 10**

Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор или во врска со него, ќе се решаваат пред Основниот суд во Прилеп.

## XII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 12**

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја страна задржува по 3 (три) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

ООУ „Страшо Пинџур" - с.Мало Коњари
**Договорен орган**
Ирена Кироска

ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРЕЈДИНГ ЕНДЕКСЧАЈНЏ
**Носител на набавка**
Fatbardha Bytyci